Илија АЦЕСКИ

УДК: 316.642-053.6(497.7)

# НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕЛИГИОЗНОСТ КАЈ СТУДЕНСКАТА ПОПУЛАЦИЈА

***Кратка содржина***

*Во трудот се анализирани резултатите од емпириското истражување посветено на религиозноста на студенската младина во Република Македонија, поконкретно на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Истражувањето преставува дел од истражувачкиот проект посветен на идентитетот на македонците во услови на транзиција и глобализација.*

*Резултаите од истражувањето го потврдуваат високиот степен на религиозност и презентираат една состојба на религиозноста на студенската популација која во себе содржи висок степен на недоследност во сите компоненти на нејзиното исполнување. Присутна е една состојба кај младите која драмтично е во потрага по автентичноста на светото разбрано, но и емотивно и практично доживеано, на начин кој во голема мера е потикнат од драматичноста на промените во сите сегменти на човековиот живот последните дваесетина години. Забележан е еден тип на „религиозен човек“ кој се обидува да комбинира елелементи на религиозност кои се својствени за различни типови. Кога ќе се споредат резултатите од нашето истражување на студенската младина и воопшто со истражувањата на религиозноста на населението а посебно на младите со слични истражувања на просторите на бившата југоловенска држава ќе се забележи дека нема некои големи разлики во степенот и карактеристиките на религиозност во однос на сите елементи кои ја формираат.*

***Клучни зборови:*** *студенти, религиозност, вредности, ревитализација на религијата, постсоцијализам*

## ВОВЕД: дефинирање на религијата и региозноста

По падот на социјализмот, деведесетите години на минатиот век, новиот културен идентитет се бара во она кое за време на социјализмот и тогашниот политички систем било сметано за конзервативно, ретроградно и било забранувано или потиснувано и се сметало за непријателско и непожелно. Рехабилитизацијата на тие вредности и социо-културни елементи кои се однесуваат на личната и колективната идентификација по падот на

социјализмот се доживуваат како процеси на ретрадиционализација. (Vrcan, S. 1876; Šušnjić, Đ. 1998; Sram, Z 2008)

Имено, во постсоцијалистичките општества, на една страна се случува процес на афирмација на вредностите на демократијата, како што се слободата, индивидуалноста, автономијата а на друга страна, се афирмираат сосема спротивни вредности на индивидуалниот ентитет, како што се нацијата, религијата, традицијата. (Ingelhart,R. 2000; Need, Ariana and Geoffrey Evans, 2001; Vrcan, S 2001: Ćimić, E., Matevski, Z. 2003)

Доминатните социјални вредности значајно влијаат врз структурата на политичките ставови и однесувањето на социјалните актери а со тоа и врз природата на социјалните односи и процеси на демократизација како клучен елемент во развојот на земјите во транзиција, меѓу кои се најде и Република Македонија.

Религијата претставува комплексен облик на човековото однесување. За тоа што претставува таа во социологијата постојат мноштво сфаќања. Но, сите се согласни во тоа дека станува збор за сложен феномен и облик на човековото однесување. За Тремел (Свидлер и Мојзес, 2005:16), кој понудува една сложена дефиниција на религијата, смета дека таа го подготвува човекот да се справува со оние како вели „аспекти на човековото постоење кои се ужасни и со кои не можеме да се справиме“ и дека во центарот на човековото искуство, па дури и во целата стварност има едно суштество (или суштества, процес) во кои и низ кои личноста може да ги надмине траумите на неговата егзистенција кои го негираат животот. Тоа се постигнува со помош на разни религиозни техники и тоа систем на верување, систем на ритуали и систем на морал.

Секојдневниот живот на човекот е соочен со многу предизвици кои предизвикуваат страв, загрозеност, сиромаштија, несигурност, отсуство на перспективи. Во таа ситуација религијата претставува еден од практичните и проверени одговори на последиците кои реално се очекуваат од тие состојби кои се најчесто непријатни за човекот.

Во овој контекст на разбирањето на религиското, сфаќањето на социолозите Старк и Бејбриџ е интересно да се истакне. Имено, според нив религијата во својата суштина се стреми да ги задоволи желбите, или како велат, со нејзина помош да се обезбедат награди. Под награди се подразбираат конкретни и пожелни нешта за чие остварување луѓето се во состојба нешто да направат. Религијата е всушност обид во отсуство на алтернативни решенија се обезбедат пожелни награди. Во остварувањето

на некои награди не е лесно да се дојде, особено во ситуации кога човек не е сигурен дека тие реално постојат. Кога нема реални награди може да се прифатат и објаснувања кои нивното добивање го сместуваат далеку во иднината или во некое друго непроверено опкружување. Тие Старк и Бенјбриџ ги нарекуваат,, компензатори,,(Хамилтон, 2003; 354.)

Гледиштe кое го застапува Герц е интересно за нашата анализа. Имено, Герц (Хамилтон, 2003: 291) говори за религијата како систем на културата, односно како нејзин дел. Под култура тој подразбира збир на значења изразени преку симболи кои биле пренесувани низ историјата, систем на наследени идеи изразени преку симболи. Како дел од културата религијата се бави со светите симболи, кои имаат улога да го спојат етосот на еден народ, неговиот квалитет на живот, неговиот морален и естетски стил и карактер, неговиот поглед на свет, како тој гледа на стварноста, како го замислува општественото уредување. Религијата има улога во создавањето на слика за светот и неговото доведување во врска со етосот. Таа е систем на симболи кои учествуваат во создавањето на силни, убедливи и долготрајни расположенија и мотивации кај лугето и со тоа што создаваат идеи за уредувањето на животот на кои им даваат реален привид што ги прави да изгледаат како да се реални.

Накратко, за најголемиот број дефиниции на религијата е заедничко тоа што ги потенцираат суштинските аспекти кои се поврзани пред се со: објаснувањето на основните значења на животот, втемелено врз поимот на трансцедентното, и како да се живее во согласност со тоа. (Свидлер и Мојзес, 18).Таа ги содржи четирите елементи: вероисповед, кодекс, обред и организирана структура.

Религиските вредности се претежно вредности кои припагаат на традиционалниот модел на однесување. Тие имаат значајно влијание врз целината на вредносниот систем и голема улога врз обликувањето на карактерот на вредносните ориентации.

Ревитализацијата на религиските вредности и високиот степен на религиозност кај населението кој е забележан по падот на социјализмот е одговор на кризата во која западнало општеството,особено кога се забележува криза на моралните вредности, појави на аномија и дезорганизација. Во тој контекст треба да се потенцира значењето и улогата на Црквата како институција која, иако е одвоена од државата, е значајно кои вредности ќе ги застапува и брани и која политика подржува.

Религијата и религиозноста се условени од социјалните и историските фактори и се чувствителни на општествените промени, особено на процесите

на модернизацијата и идеолошките влијанија. Таа е дел од културата која е составена од верувања и обичаи кои го дефинираат надприродното и светото и односот према нив и ги поврзува со реалниот свет на начин што му овозможува на човекот да го разбере светот во неговата морална суштина, како добар или лош. Во суштина не постојат вредности кои се од исклучиво религиска природа, освен религиските идеи кои имаат трансцедентна природа и се елементи на религијата и верата по себе. Вредностите кои се поврзани со религијата се однесуваат на верувањето во Бог, љубов спрема ближниот, или вредности кои се под нејзино силно влијание како што се моралните вредности поштеност, праведност, верност, вистинољубивост, солидарност и слично.

Во согледувањето на улогата на религијата, поконкретно постоењето на високиот степен на религиозност, се поставува прашањето за степенот на нејзиното влијание врз другите вредноси ориенрации, како на пример, врз карактерот на националистичката и традиционалистичката вредносна ориентација? Дали луѓето во ситуација на висок степен на религиозност во исто време се повеќе или помалку националистики ориентирани или се склони да прифатат традиционалистички ставови и однесување? Во општа смисла, неспорно е дека религиозноста е дел од традиционалистичкиот вредносен систем, и таа, добро ги предвидува останатите традиционалистички вредносни ориентации. (Sekulić, D., Šporer, V., 2006: 3)

## Улогата на религијата во животот на лугето

Во општа смисла религијата вклучува некои елементи од историјата, верските заедници, теологијата, кои религозноста како свест и однесување, својствена за конкретните социјални групи и поединци не ги опфаќа освен во исклучителни случаеви. Во социлошките истражувања религиозноста најчесто се доведува во врска со вредностите како релативно стабилни, општи и хиерархиски организирани карактеристики на поединците и групите формирани низ мегусебните влијанија на историските, актуелно-социјалните и индивидуалните фактори. Во едно истражување (Ачкоска-Лешкосвска Елена, 1997:129) се потврдува постоењето разлики во структурата на вредносниот ссистем помегу наставниците кои припагаат на различни религиозни групи. Кај наставниците со исламска вероисповед религијата се јавува како позначаен фактор во обликувањето на вреднсониот систем.

Имено, високиот степен на религиозност претпоставува интернализирање на вредностите кои ги прокламира определената религија. Постои група на вредности кои се заеднички и за едните и за другите и за наставниците од исламска и наставниците од христијанска вероисповед, како што се верувањето во Бог, почитување на постарите, респект кон традициајта. Се претпоставува дека религиозните наставници поголемо значење ќе им придадат на вредностите од типот на традицијата, констатира авторот.

Кога говориме за религиозноста тогаш мислиме на „субјективен систем на ставови кои во себе ги вклучуваат верувањето, мислењето, чувствата и реакциите на поединците, а кои се јавуваат како систем на внатрешно трајни дидпозиции кои се манифестираат на вераблен или невераблен начин во однесувањето на верниците. Тоа значи дека таа ги вклучува во себе личните форми на верување, мислење и чувства и начините на реагирање насочени кон надприродното и светото“. (Бахтијаревиќ, Ш., 1975)

Во духот на ова разбирање на религиозноста, Вајт на пример, религијата (на примерот на ирското општество) ја смета за основа за сегрегација на населението, кое е оптоварено со предрасуди и стереотипи. (Џенкис, 2005:197). Џенкис ја анализира улогата на религијата во судирот во Северна Ирска. Една од најочигледните верски димензии на состојбата која долго време е присутна во Северна Ирска се исполнува во сферата на образованието, каде десетици години наназад (од почетокот на дваесетиот век) постојат два образовни системи, протестански и катиолички. Свештенството има големо влијание во двата системи. Освен интерактивната сегрегација која таа ситуација ја зацврстува, постојат разлики во наставните програми, особено по предметите за Ирската историја, спортот и очекувано, по веронаука. (Џенкис, 2005:194) Верата исто така има улога во судирите во Северна Ирска во регулирањето на бракот и односите мегу државата и црквата. Постојат најмалку четири нивоа врз кои религијата и судирите се мегусебно поврзани. Пред се, станува збор за разлики кои се присутни на ниво на културните карактеристики, во секојдневниот живот каде религијата е најважен фактор. Скоро се друго е заедничко: јазикот популарната култура, потрошувачката, домувањето....Религијата го обезбедува оној значаен допринос на непрекинато општествено конструирање на културните содржини на двете различни и мегусебе антагонистички ентитети, без кои не би можеле да говориме за овој конкретен судир, таков каков што е“ (294) Другите три нивоа се поврзани со верските разлики кои се манифестираат на ниво на секојдневие, со учењето на католичката црква и она кое е

карактеристично за протестанската заедница а се однесува на политизацијата на религијата, кое е својствено за протестантите а претставува една мешавина од антикатоличанство, шовинизам, антирепубликанизам која ги спојува во силна идеологија, во чие средиште се наоѓа зачувувањето на протестанската контрола и „култура“ на Северна Ирска, (Џенкис, 2005:205) За авторот навистина е сложено прашањето на улогата на религијата во судирот во Северна Ирска. Се чини дека судирот во Северна Ирска не се врти околу религијата, но секое ниво во суштина е неразделно поврзано со верските разлики. Тоа е етнички судир со верска димензија, констатира Џенкис.

**Ревитализација на религијата во постсоцијализмот.**

Процесот на ревитализација започнат почетокот на деведесетите години со распадот на социјализмот не се случува како резултат на еминентно религиски процес во смисла на длабока и вистинска промена на духовниот живот, враќање кон заборавениот Бог и религиски морал или нешто слично, туку, ревитализацијата на религијата и црквата настанала на просторот на бившата југословенска федерациаја во рамките на магистралните општествено-политички промени како резултат на долготрајната општествена криза. Во тој контекст на длабока социјална и политичка криза доага и до политизација на религијата односно се „политизира и православието како еден од најделотворните духовни ресурси во националната хомогенизација на населението и неговата политичка мобилизаддија за судири кои се очекувале или за време на самите судири.“ (Благоевиќ, 2005:384) Крајот на социјализмот, состојбата на граѓански и меѓунационални судири ја формираат најопштата географска и социјална рамка во кои православието ја„повратува својата културна доминација и институцинално значење и влијание кое некогаш гоималое„ (Благоевиќ, 2005;384; Vrcan, S. 2001. 1999. Zrinscak, S., 2005; Матевски, З., 2005; Ацески, 2008)

Религиските промени на просторот на бившата југословенска федерација со доминантно население од православна вероисповед, главно се карактеризираат со изразито висок степен на религиска идентификација, религиозност и религиска пракса. Знатно се зголемува процентот на луѓето кои религиски се идентификуваат и ја признаат сопствената конфесионалност, особено тоа е видливо кај младата генерација. (Labus,. M. 2005; Благоевиќ, 2005; Ćimić E. 2001)

Во дел од истражувањата на религиозноста е присутно и мислењето дека не станува збор за ренесанса на православието, туку за демонстрација на формална религиозност за која е карактеристична идејна аморфност и еклектичка свест, која не е строго конфесионално определена како на почетокот на деведесетите години на минатиот век кога започна распадот на социлизмот. Можеби би било поадекватно да се говори за еден вид,,духовна ентропија,, каде феноменот на религиозноста е најевидентен. Но,кај најголем број од истражувачите преовладува убедувањето дека сепак станува збор за процес кој навистина значи препород на религијата во секој поглед што се потврдува во бројни социолошки истражувања.

**Пристап во истражувањето на религиозноста**
*/методолошки напомени/*

Во истражувањето на религиозноста се применуваат повеќе индикатори или критериуми на конфесионалната религиозност. Класичната религиозност се базира врз институционалната религиска организација. Имено, станува збор за догматски тип на религиозност кој се карактеризира со развиено теолошко учење и ритуали во кои учествуваат верниците. Во тој контекст се говори за синтеза на религиската свест и религиското однесување и здружување. Во рамките на конфесионалната религиозност се осудува и отврла субјективната религиозност без црквеност, затоа што поголем дел од верските структури претпоставуваат правоверност искажана низ секојдневното практично потврдување на стаусот верник. (Кубуриќ, 1999, и др.,.,.,)

Религиозноста претпоставува надворешна манифестација, учество во ритуали и индивидуален субјективен став, доживуавње, внатрешен мотив кој тешко може да се операционализира во емпириските истржувања. Психлошки посматрано, религиозноста подразбира субјективен систем на ставови каде влегува верувањето, знаењето и однесувањето.

Степенот на приврзаноста кон религијата и црквата во принцип може лесно да се детектира. Најважни компоненти на религиозноста се когнитивната, емоционалната и акционо-мотивациската кои и најчесто се операционализирани во текот на истражувањето.

Во емпириските истражувања класичната религиозност се разбива на два констиутивни елементи: религиска свест во која влегуваат широк

распон на верувања и чувства и религиски доживувања, религиско однесување и здружување како што е на пример одењето во црква, постот, молитвата и слично.

Во истражувањето на религиозноста неопходно е теоретските анализи и проблеми се преведат на теренот на емпириските истражувања, за што е потребно формулирање на конкретни индикатори на религизност, кои се исполнуваат во секојдневието на лугето. Во суштина тие и го определуваат степенот и типот на религиозност.

Во зависност од тоа кои индикатори се употребени во емпириското истражување се добива и различен степен на религиозност: ако го употребиме критериумот на конфесионална припадност ќе добие висок степен на „религиозност„ за разлика, на пример ако го употребиме индикаторот кој укажува на тоа колку испитаникот верува во задгорбен живот ќе добиеме друг степен на религиозност. Обично во групата на конфесионално определените се наогаат и оние кои субјективно се чувствуваат за нерелигиозни.

Во нашето истражување степенот на религиозност ќе го анализираме со помош на индикатори на религиска идентификација (усвојување на религиското верување и вредносните критериуми) и индикаторот на религиска партиципација (учество на верниците во ритуалите и активностите на црквата).

Интересно е да се согледа степенот на усогласеност помегу овие два показатели на религиозност: Колку оние кои се идентификувани со конкретната религија практикуваат и соодветни активности кои се карактеристични за црквата, во нашиот случај православната црква, но и тоа колку оние кои себе си се сметаат за религиозни на свој начин практикуваат активности поврзани со црквата.

Степенот на црквеност го покажува интензитетот и начинот на поврзаност на поединецот за црквата, нејзиниот догматски систем, нормите и вредностите.Исто како и субјективната религиозност и црквеноста варира на скалата од, на една страна, целосно прифаќање, до отсуство на сите облици на врзаност за црквата на другиот крај на скалата.

Во овој контекст се поаѓа и од ставот дека високиот степен на религиозност значајно влијае и врз политичката определба во насока на конзервативизам, авторитарност и етноцентризам, за што ќе понудиме доволно емпириски податоци и согледувања.

Во истражувањето покрај општата цел се поставени и посебни цели кои се содржани во следносто. Имено, колку е значајно влијанието на

религиозноста односно, колку високиот степен на религиозност делува во насока на зголемување на корелацијата помеѓу неа и останатите вредности. Тоа е клучно прашање на кое во трудот нема недвосмислен целосен одговор за што постојат повеќе причини, но се понудени доволно емпириски податоци кои можат да послужат за размислување во насока дека исполнувањето на високиот степен на религиозност, поконкретно религиска убеденост и релиогиска идентификација а пред се, високиот степен на црквеност и конфесионална припадност е во корелација со некои ставови кои упатуваат на конзервативизам, авторитарност и национализам. Секако дека се потребни попродлабочени истражувања за посеопфатно и посериозно согледување на овие феномени кои се комплексни по својата природа. Емпириското истражување е доволно за понатамошни размислувања и истражувања.

**Резултати од емпириското истражување.**

*Примрок.* Истражувањето на религиозноста на примерот на студенската популација започна уште пред две години и преставува дел од поширокиот проект посветен на националниот и културниот идентитет кај македонците во период на транзиција и глобализација. (Ацески, 2008:129-146) Практично, истражувањето реализирано пред две години под наслов,, Модернизацијата и идентитетот на стденската популација во Република Македонија,, продолжи и оваа година (2009) врз истите теоретско-методолошки поставки и истата популација, студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Во истражувањето реализирано оваа година (2009) од страна на студентите при Институтот за социологија, се анкетирани студенти од општествените, техничко - технолошките и медицинските науки со скоро еднаков број, по 160 студенти од секоја група на факултети или вкупно 480 студенти.

Во зависност од половата припадност се анкетирани 38,6 % машки и 61,4 % женски, а во однос на годината на студии, од втора година се анкетирани 60,4 % и од четврта 37,1%. Во однос на местото на постојано живење доминираат студентите од Скопје со 54,0%, потоа доаѓаат студентите од внатрешноста со 39,2 % и оние кои потекнуваат од село со 6,8%.

Над половина од анкетираните материјалната положба на семејството од кое потекнуваат ја оцение со солидна и добра, околу една третина со,,ни

добра ни лоша„ а само околу 10 % со„лоша и многу лоша„. Скоро половина потекнуваат од семејство со високообразовани родители, останата половина од анкетираните од родители со средно образование. Најголемиот дел се со македонска национална припадност, скоро 95 %, а со тоа и со православна вероисповед. Малиот број на припадници на другите конфесии и националности не влијае врз целината на резултатите и онаму каде беше можно не се земени предвид во статистичката обрботка. Значи, станува збор за испитаници од македонска национална припадност со православна вероисповед на возраст од 19 до 23 години кои студираат на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј" од втора и четврта година на студии. Примерокот не е случаен.

### Верување во догматското јадро на христијанството: религиска идентификација и партиципација

Првата димензија на религиското верување се однесува на верувањето во основните верски вистини, како што се верувањето во Бог, живот после смрта, постоење на рај и пекол и слично. Како може да види од резулатите од истражувањето (Табела 1) 81,3 % од испитаниците веруваат во постоње на Бог, 42,9 % во рај и пекол, во бесмртноста на душата веруваат 40,8% и слично. Верувањето во Бог е широко распострането за разлика од верувањето во другите верски вистини кои се прифатени во значајно помала мера.

*Табела 1.*
*Ставови за религиската идентификација и партиципација* (*во %*)

| **Модалитети (*целосно се сложува*)** | **2009** | **2007** |
|---|---|---|
| Човекот има бесмртна душа | 40,8 | 40,1 |
| Библијата е навистина божја реч | 50,8 | 56,2 |
| Црквата е создадена од бога | 33,1 | 39,2 |
| Еден ден Христос ќе дојде на земјата | 23,3 | 24,2 |
| Постои рај и пекол | 42,9 | 45,1 |
| Религиозен сум во согланост со верата | 39,5 | 45,9 |
| Верувам во Бог | 81,3 | 88,8 |
| Редовно се молам | 41,1 | 47,2 |
| Живеам според божјите правила | 38,8 | 48,4 |
| Целосно го почитувам учењето на црквата | 42,3 | 52,5 |
| На верски обреди присуствувам еднаш месечно | 15,3 | 15,1 |

Во споредба од пред две години не е забележна значајна промена во однос и на религиската идентификација и на партиципацијата во верскиот живот, посматрани низ ставовите за кои се изјаснуваа испитаниците студенти. Како што може да се забележи за некој процент е зголемен бројот на оние кои веруваат во Бог, но имајќи го предвид и високиот процент од пред две години и тоа што станува збор за не случаен примерок не би можеле да тврдиме дека бројот на верниците и понатаму расте имајќи го предвид наведениот индикатор.

Она што може да се забележи кога се аналзира Табела 1 е впечатокот, кој очигледно се наметнува е релативно малиот процент на оние кои практикуваат понешто од ритуалите на православославната вера, дека е скоро двојно помал процентот на оние кои целосно го почитуваат учењето на црквата и веруваат во постоењето на рај и пекол, или дека Библијата е божја реч.

Религиските обреди се поврзани со соодветните вредности и модели на однесување. Тие ги опфаќаат обичаите, кои се воспоставени низ начинот на живот. Религиозноста во тој поглед нема само религиски карактер туку и световно обележје.

*Табела 2.1*
*Религиозна идентификација (во %)*

| **Модалитети (*целосно се сложува*)** | |
|---|---|
| Религиозен во согласност со верата на која припаѓа | 39,5 |
| Религиозен на свој начин | 43,0 |
| Не сум сигурен дали сум религиозен | 5,0 |
| Не сум религиозен | 10,2 |
| Противник сум на верата | 2,3 |

*Табела 2.2*
*Религиозни во согласност со учењето на црквата*
*/Целосно с е согласуваат/ (во %)*

| **Модалитети (*целосно се сложува*)** | |
|---|---|
| Човекот има бесмртна душа | 18,6 |
| Постои рај и пекол | 28,6 |
| Редовно се моли | 69,7 |
| Неколку пати во годината оди во црква | 45,7 |
| Целосно го почитува учењето на црквата | 65,0 |

Од групата на традиционални верници, кои себеси се доживуваат за религиозни во согласност на учењето на црквата, на пример, повеќе од една третина изјавиле дека не го почитуваат учењето на црквата, само неполни 20% сметаат дека човекот има бесмртна душа, а само една третина веруват дека постои рај и пекол.

**Религиозноста и политичката ориентација на студентите**

Дали религиозноста има влијание и во која насока врз формирањето на одредени политички ставови, односно, дали порастот на степенот на религиозност може да се доведе во врска политичката вредносна ориентација? Се разбира прашањето е тешко за одговор, овде се нуди, по аналогија на други истражувања и само врз процентуалната застапеност на оние кои ги прифаќаат ставовите. (Sekulić, D. Šporer, Ž. 2006)

Нашата анализа која е ограничена на оние кои се сложуваат (во кои влегуваат и оние кои целосно се сложуваат) во однос на религиската идентификација и во однос на прифаќањето на ставовите кои упатуваат на автоританост и национализам се покажува следното. Имено, кај традиционалните верници (религиозни во согласност со верата на која и припагаат) се забележува постоење на повисок степен на прифаќање на ставови кои се поврзани со авторитаризмот и национализмот, за разлика од оние кои во однос на религиската идентификација се изјасните дека се тоа на свој начин, тип на субјективна идентификација. Од податоците не може да се заклучи дека постои причинско последична врска, едноставно регистрирано е прифаќање на ставови кои се поврзани со национализмот и авторирноста и висок степен на конфесионална религиска идентификација. Факт е дека разликата од неполни десетина проценти помеѓу двете доминантни групи во однос на типот на религиозноста, конфесионално религиозни и религизни на свој начин, не е доволно голема, сепак во групата на оние кои се идентификувале за конфесионални/црковни верници постои повисок процент на прифаќање на ставовите кои се однеуваат на вредности кои се поврзани со национализмот и авторитаризмот. Кога би имале можност за компаративна анализа за еден подолг временски период, по примерот на истражувања реализирани во некои од државите кои настанаа по распадот на бившата југословенска држава, тогаш сознанијата би биле многу поуверливи и поцелосни. (Sekulić, D. Šporer, Ž. 2006)

*Табела 3.1*

*Религиозноста и политичките ставови: Ставови. (во %)*

| **Модалитети (*целосно се сложува*)** | **1** | **2** | **3** |
|---|---|---|---|
| Религиозен во согласност на верата на која припаѓа | 55,3 | 22,2 | 18,8 |
| Религиозен на свој начин | 45,4 | 16,1 | 13,2 |
| Не сум сигурен дали сум религиозен | 25,0 | 4,2 | 12,2 |
| Не сум религиозен | 30,6 | 8,4 | 14,3 |
| Противник сум на верата | 27,3 | 9,1 | -- |

а) *Целосно се согласува*

1. *Потребна е силна силна политичка рака на чело на државата.*
2. *Оние кои не се волни да се адаптираат на општествените норми.*
3. *Националните интереси се поважни од слободата на поединецот.*

*Табела 3.2.*

*Религиозноста и политичките ставов (во %)* (а)

| **Модалитети (*целосно се сложува*)** | **1** | **2** | **3** | **4** |
|---|---|---|---|---|
| Религиозен во согласност на верата на која припага | 39,2 | 16,4 | 23,4 | 14,3 |
| Религиозен на свој начин | 20,9 | 8,3 | 18,8 | 4,9 |
| Не сум сигурен дали сум религиозен | 17,7 | 4,2 | 41,7 | 4,2 |
| Не сум религиозен | 26,5 | 12,2 | 18,4 | 8,2 |
| Противник сум на верата | 9,1 | - | 9,1 | - |

(а) Целосно се сложува

1. *Во Македонија сепак македонците по националност треба да имаат предност пред сите останати*
2. *Не е во ред ако се каже дека сите националности се еднакви кога е очигледно дека некои се повеќе вредни*
3. *Можно е да се постигне соработка помеѓу националностите, но не и целосна доверба*
4. *Целосната слобода на говорот води кон дезинтеграција*

Анализата на податоците добиен од анкетното исражување е насочена кон оние кои,, целосно се согласуваат,, со ставовите во прашалникот во однос на религиската идентификација и во однос на ставовите кои го идентификуваат степенот на национализам и авторитаризам. Конфесио-

налната религиозност (или црковна религиозност) се третира за независен фактор и претпоставуваме дека има влијание врз политичката ориентација во насока на авторитаризам и национализам.

## Дискусија и Заклучоци

Основната идеја на истражувањето беше продлабочување на некои аспекти на религиозноста кај студенската популација во Република Македонија не во смисла дали нешто значајно во квантитативна смисла се променило за период од две години, туку дали и во кој степен групата на конфесионални верници покажува знаци на авторитарност и национализам.

Во анализата на истражувањето реализирано пред две години (2007) тежиштето на анализата беше насочено кон религиозноста и нејзината улога во формирање на идентитетот на студентите како и поврзноста на религиозноста и национализмот, се дојде до следните заклучоци: прво, дека религиозноста нема сила на фактор кој може да влијае врз формирањето на другите аспекти на идентитетот на човекот и другите вреднсони ориентации и дека станува збор за „религиозност без последици“ (Ацески, 2008:143-145).

Но, тоа во целост не се однесува на најголемиот дел од оние кои се идентификуваат за конфесионални верници, односно за верници кои припагаат на православната религија.

Емпириските податоци илустрираат една состојба на планот на карактеристиките на религиозноста на студенската популација за која во себе содржи висок степен на недоследност во сите компоненти на нејзиното исполнување. Дури би рекле дека постои состојба која драмтично е во потрага по автентичноста на светото разбрано, но и емотивно и практично доживеано, на начин кој во голема мера е потикнат од драматичноста на промените во сите сегменти на човековиот живот последните дваесетина години.

За нас не е изненадување постоењето на висок степен на религиска идентифијација, но сеуште е недоволно објаснето, барем за македонските состојби одржувањето на висок степен на религиозност надвор од конфесионалната припадност кој изнесува близу 50% од испитуваната популација. Се формира еден тип на „религиозен човек“ кој се обидува да комбинира елелементи на религиозност кои се карактеристични за различни типови.

Тоа може да се разбере и како нормално, се до оној момент кога најголем дел од нив значат негирање или нивно неразбирливо практицирање кое е спротивно на определбите кои ја формираат суштината на конкретната религијата. Имено, како да се разбере односот на оние кои се изјасниле за религиозни во согласност со конфесијата на која и припаѓаат (во нашиот случај православната религија) а од нив само секој петти верува во бесмртностата на душата, што од аспект на учењето на христијанството е незамисливо и претставува негирање на нејзините основни начела, или дека нема рај и пекол и не се практикува ништо од верските обреди и слично, а постои исполнетост и чувство на религиозност која упаатува на конкретна религија во нашиот случај православаната религија! Кога ќе се споредат резултатите од нашето истражување на студенската младина и воопшто со истражувањата на религиозноста на населението а посебно на младите со слични истражувања на просторите на бившата југоловенска држава ќе се забележи дека нема некои големи разлики во степенот на религиозност во однос на сите елементи кои ја формираат религиозноста. (Leutar, Z. 2007: Marinović, D.J. 2005. Đordević, B. Dragoljub ; Todorović, D. 2000.)

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Матевски*)

## ЛИТЕРАТУРА

Ацески И., 2008. *Социолошки огледи*, Филозофски факултет: Скопје.

Ачкоска-Лешковска Елена. 1997. *Структурата на вредносниот систем на наставниците во Република Македонија во период на транзиција.* Годишен Зборник на Филозофски факултет. Книга 24(50): Скопје

Bahtijarević, Š., (1975). *Religisko pripadanje u uslovima sekularizacije društva.* Narodno Sveučilište grada Zagreba: Zagreb.

Blagojević, M. 2005.*Religija i crkva u transformisanom društvu*, Institut za filozofiju i sociologoju. I.P. Filip Višnjić: Beograd.

B. Dragoljub ; Todorović, D. 2000. *Mladi, religija, veronauka.* Beograd: Arena; Niš: KSS

Marinović, D.J. 2005. *Društvene i religiske promjene u Hrvatskoj: teorijsko-hipotetički okvir istraživanja.* Institut za društvena istraživanja: Zagreb.

Свидлер Леонард, Мојзес, Пол. 2005. *Изучувањето на религијата во ерата на глобалниот дијалог.* Темплум: Скопје

Hamilton. Malkom. 2003. *Sociologija religije.* CLIO: Beograd

Ingelhart,.R,Wayne. E.Baker. 2000. Modernization,Cultural Change Persistence of traditional Values. AJS, 65(1):19-51.

Kuburić, Z. 1999. Hrišćanstvo i psihicko zdravlje vernika, vo *Hrišćanstvo, društvo, politika.* JUNIR godišnjak VI, Niš: JUNIR

Dzenkis, R., 2001. *Etnicitet u novom kluču.* Beograd.

Leutar, Z. 2007. *Religioznost studenata*, Obnov. Život, (62)2 (2007) 151-176.

Labus.M., 2005. *Vrednosne orijentacije i religioznost.* Sociologija sela. 43. Zagreb

Матевски З., 2005. Улога на религијата во мир и конфликт. (македонскиот случај). Меѓународен научен собир,, *Социологијата и општествените промени,,* Скопје. 18 и 19 ноември. 2005.

Матевски, З. (2003). *Религијата во мултикултурното општество.* (Религија толерантност идентичност) Реферат

Ariana and Geoffrey Evans(2001). Annalizing patterns of religious participations in post-communist Eastern Europe, *British Journal of Sociology.* 52(2):229-246

Šušnjic, Dj. (1998) *Religija* (I i II tom). Čigoja štampa: Beograd..

Sekulić. D. Šporer, Ž., 2006. Religioznost kako prediktor vrednosnih orientacija. *Revija za sociologiju.* No. 1-2. Zagreb

Vrcan, S. (1996.), O suvremenim religijskim promjenama u optici političke sociologije religije, *Politička misao*, 33 (4): 189-206.

Vrcan, S, 2001. *Vjera u vrtlozima tranzicije.* Split: Dalmatinska akcija.

Ćimić, E. 2001. *Polittičko i religijsko u društvu.* Međunarodni naučni skup„*Antrpološke odrednice religioznosti„* 25-26 maj, Subotica

Zrinscak, S. 2005. *Religija, civilno drustvo, socijalni problemi.* Drustvena istraživanja, Zagreb. 14(2005) 1-2.

Sram, Z (2008). *Etnocentrizam, autoritarne tendencite i religioznost: relacije na uzorku zagrebačkih studenata,* Migracijske i etničke teme 24(2008) 1-2:49 66

Ilija ACESKI

# SOME CHARACTERISTICS OF RELIGIOSITY OF THE STUDENT POPULATION


## Summary

In this paper are analysed the results of an empirical research on religiosity of the student population in the Republic of Macedonia, more precise the students from Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. This research is a part of a research project on the identity of Macedonians in conditions of transition and globalisation.

The results of this research confirm the high level of religiosity and show a state of religiosity of the student population with a high level of inconsistency in all components of its fulfilment. The student population dramatically is looking for an authenticity of the sacred understood, but emotionally and practically experienced, which in a great measure is stimulated by the dramatization of the changes in all segments of the human life in the last twenty years. A type of „religious man" who tries to combine elements of religiosity typical for different types has been noticed. If we compare the results of our research of the student population in general with the investigation of the religiosity of the population especially young generation with similar researches made on the territory of the former Yugoslav state, it could be seen that there is no big differences in the level and characteristics of the religiosity compared with all elements that form it.


**Key words**: sTUDENTS, RELIGIOSITY, VALUES, REVITALIZATION OF RELIGION, POST SOCIALISM.